Поднесување на барање за NDIS

Книга 1 од 3

Верзија за лесно читање

Macedonian | Македонски

ndis

ndis.gov.au

ndis.gov.au

Како да се користи оваа книга

Оваа книга ја напиша Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Agency - NDIA). Кога ќе го видите зборот „ние“, тоа значи NDIA.

Ја напишавме оваа книга на начин што е лесен за читање.

Користиме слики за да објасниме некои идеи.

Крупно

Не крупно

Некои важни зборови ги напишавме со **крупни** букви.

Тоа значи дека буквите се подебели и потемни.

Објаснуваме што тие крупни зборови значат.



Список на тие зборови е на страницата 54.

Оваа книга лесна за читање (Easy Read) е резиме на една друга книга.

Може да побарате помош за читање на оваа книга. Некој пријател, член на семејството или лице за поддршка би можеле да ви помогнат.

Има 3 книги кои делуваат заедно.

Во првата книга се објаснува како да се поднесе барање за NDIS.

Во втората книга се објаснува како да се направи NDIS план.

Во третата книга се објаснува како да го користите вашиот NDIS план.

Ова е првата книга.

Целата книга не мора да ја прочитате наеднаш.

Не мора да брзате и читајте ја кога можете.

Што содржи овој документ?

Што е NDIS? 6

Што прави NDIS? 8

Кој помага да се испорача NDIS? 11

Кој може да учествува во NDIS? 16

Чекори за поднесување на барање за NDIS 25

Што се плаќа од финансирањето во NDIS? 31

Што се случува откако ќе поднесете барање? 43

Како NDIS им дава поддршка на луѓето? 47

Повеќе информации 52

Список на зборови 54

Белешки 59

Што е NDIS?

Националната програма за осигурување на лица со попреченост плаќа за поддршка и услуги дадени на лица со попреченост ширум Австралија.

Ние тоа го викаме NDIS.

NDIS е поддршка од Австралиската влада.

NDIS ги поддржува луѓето со попреченост:

- да ја добијат поддршката што им е потребна

- да одлучуваат за нивната поддршка

- да ја контролираат нивната поддршка.

Исто така, NDIS им помага на луѓето со попреченост да добијат поддршка:

- што е можно порано во животот

- штом ќе добијат попреченост.

Тоа се вика **рана интервенција**.

Тоа може да се однесува и на децата и на возрасните.

Исто така, NDIS може да ги поврзе луѓето со попреченост со услуги во нивната заедница.

На пример, со доктор или со група за поддршка.

И NDIS споделува информации каква поддршка може да дадат владите на секоја од државите и територитте.

Што прави NDIS?

Финансирање на поддршка и услуги за учесниците

Финансирање се пари од владата со кои се плаќаат поддршки и услуги.

NDIS обезбедува финансирање за **учесниците во програмата**.

Кога луѓе со попреченост ќе се вклучат во NDIS, ние ги викаме учесници.

Тоа финансирање може да им помогне на учесниците:

- да живеат добро
- да уживаат во животот.

Не може секој со попреченост да добие NDIS.

Затоа ние им помагаме на луѓето со попреченост да најдат и користат други видови на поддршка.

Кој може да користи NDIS објаснуваме на страница 16.

Австралиската влада донесе закони кои видови на поддршка NDIS може да ги плати.

Во законите се објаснува дека тие видови на поддршка мора да бидат:

- **разумни** - нешто што е правилно

- **неопходни** - нешто што некому е потребно.

Исто така, има видови на поддршка кои NDIS не може да ги плати.

На пример, секојдневни нешта како што се намирници.

Како да дознаете повеќе?

На нашата веб-страница може да најдете повеќе информации за каква поддршка може да платиме.

ourguidelines.ndis.gov.au/how-ndis-supports-work-menu/reasonable-and-necessary-supports

Исто така, NDIS работи на поврзувањето на сите луѓе со попреченост со поддршката што им е потребна.

Кој помага да се испорача NDIS?

Национална агенција за осигурување на лица со попреченост

Националната агенција за осигурување на лица со попреченост управува со NDIS.

Ние ја викаме NDIA.

NDIA е дел од Австралиската влада.

Таа е формирана врз основа на закон.

Законот што се применува се вика *National Disability Insurance Scheme Act 2013.*

NDIA одлучува:

- кој може да стане учесник
- кои видови на поддршка NDIS може да ги финансира.

Партнери во заедницата

Партнери во заедницата се организации во заедницата со кои соработуваме.

Локални обласни координатори

Локални обласни координатори се луѓе кои работат за нашите партнери во заедницата.

Тие им помагаат на сите луѓе со попреченост да најдат и користат поддршка.

И тие споделуваат информации за NDIS со заедницата.

Ако имате 7 години или сте постари, локален обласен координатор ќе биде вашето главно лице за врска со NDIS.

Партнери за поддршка на деца на претшколска возраст

Некои од нашите партнери во заедницата даваат поддршка на:

- деца со попреченост
- нивните семејства.

Имаме програма за деца со попреченост кои се помлади од 7 години.

Тоа се вика приод за рано детство.

Партнери за поддршка на деца на претшколска возраст нѝ помагаат во оваа програма.

Што со областите во кои нема локален обласен координатор или партнер за поддршка на деца на претшколска возраст?

Во некои места може да нема:

- локални обласни координатори
- партнери за поддршка на деца на претшколска возраст.

Ако живеете во една од тие области, може да нѝ се јавите.

Ќе ви помогнеме да решите дали сакате да се вклучите во NDIS.

Како може да контактирате со нас?

Може да ја посетите нашата веб-страница на **www.ndis.gov.au**

Или може да нѝ се јавите на **1800 800 110**

Како ќе соработуваме со вас?

Во Participant Service Charter (Повелба за услуги на учесниците) се објаснува што може да очекувате од NDIS.

Во неа исто така се објаснува како може:

- да контактирате со нас

- да нѝ речете што правиме добро.

Во нашата Повелба за услуги на учесниците исто така се објаснува што може да направите ако не се согласувате со некоја наша одлука.

На нашата веб-страница може да најдете верзија за лесно читање на Повелбата за услуги на учесниците.

www.ndis.gov.au/about-us/policies/service-charter

Кој може да учествува во NDIS?

Ако некој може да учествува во NDIS, велиме дека таа или тој ги **исполнува условите (they are eligible)**.

Имаме прашања на кои може да одговорите за да проверите дали ги исполнувате условите за NDIS.

Прашање 1

Дали сте помлади од 65 години?

За да ги исполнувате условите за NDIS, мора да сте помлади од 65 години.

Ако сте помлади од 65 години, преминете на Прашањето 2.

Преминете на прашањето 2

Ако не сте помлади од 65 години, не може да се вклучите во NDIS.

Но, би можеле да користите некоја друга поддршка.

За повеќе информации за видови на поддршка ако сте постари од 65 години, може да ја посетите веб-страницата на My Aged Care.

www.myagedcare.gov.au

Прашање 2

Дали живеете во Австралија?

За да ги исполнувате условите за NDIS, вие мора да живеете во Австралија.

Дали сте:

- државјанин?
- постојан жител?

Ќе треба да имате некој документ што покажува дека сте во една од тие категории, на пример пасош.

Или, дали имате:

- постојана **виза**?
- виза за специјална категорија на заштита (Protected Special Category)?

Виза е документ во кој се вели дека можете да одите во друга земја за некој временски период.

Исто така треба да имате едно од овие за да ги исполнувате условите за NDIS.

Може да преминете на Прашањето 3 ако:

- живеете во Австралија
- имате еден од овие документи.

Преминете на прашањето 3

Не може да се вклучите во NDIS ако:

- не живеете во Австралија

- немате еден од овие документи.

Но, може да ви помогнеме да најдете друга поддршка.

Може да нѝ се јавите.

1800 800 110

Прашање 3



Дали имате попреченост што е трајна?

Тоа значи дека таа нема да помине.

Дали имате попреченост што влијае на:



- вашиот начин на живеење?

- вашата **функционална способност**?

Ваша функционална способност е:

- како ги разбирате изборите што ги имате
- како ги правите работите во врска со вас
- како учите нови способности
- како комуницирате со други луѓе кои ви се блиски.

Ако имате таква попреченост, вие би можеле да се вклучите во NDIS.

Не треба повеќе да одговарате на ниедно од овие прашања.

Ние може да ви помогнеме да одлучите дали сакате да се вклучите во NDIS.

Исто така може да ви помогнеме да најдете друга поддршка.

Ако немате ваква попреченост, може да преминете на Прашањето 4.

Преминете на прашањето 4

Прашање 4

Дали користите опрема поради вашата попреченост?

На пример, скутер за да ви помогне да се движите наоколу.

Дали сте направиле промени во делови на вашиот дом поради вашата попреченост?

На пример, промени во бањата или додавање на рампа.

Ако сте користеле опрема или сте направиле промени во вашиот дом, би можеле да се вклучите во NDIS.

Не треба повеќе да одговарате на ниедно од овие прашања.

Ако не сте користеле опрема или направиле промени во вашиот дом, може да преминете на Прашањето 5.

Преминете на прашањето 5

Прашање 5

Дали ви требаат некои видови на поддршки сега, за да ви помогнат во иднина?

Во NDIS би можеле да се вклучите рано, ако сега ви треба поддршка што ќе ви помогне подоцна во животот.

Ако ви треба поддршка сега, за да ви помогне во иднина, вие би можеле да се вклучите во NDIS.

Ако не ви треба поддршка сега, не може да се вклучите во NDIS.

Но, може да ви помогнеме да најдете некоја друга поддршка.

Може да нѝ се јавите.

1800 800 110

Дали ги исполнувате условите за NDIS?

Може да ја посетите нашата веб-страница за да дознаете дали може да се вклучите во NDIS.

Ако ги исполнувате условите, може да поднесете барање.

www.ndis.gov.au/applying-access-ndis

На следната страница објаснуваме како да се поднесе барање.

Чекори за поднесување на барање за NDIS

Чекор 1. Контактирајте со нас

Разговарајте со нас за да дознаете дали може да се вклучите во NDIS.

Ние може да ви помогнеме да поднесете барање.

Чекор 2. Поднесете барање

Поднесете ги сите потребни документи.

Тоа ги вклучува документите од здравствени работници.

Чекор 3. Добивање на одговор

Нашата одлука ќе ви ја пратиме во рок од 21 ден.

Како да поднесете барање за NDIS?

Треба да нѝ речете дека сакате да бидете учесник.

За тоа мора да поднесете барање.

Ако имате 7 години или сте постари, постојат различни начини на кои може да поднесете барање.

Вашиот локален обласен координатор може да ви помогне да поднесете барање.

Може да поднесете барање така што ќе нѝ се јавите.

1800 800 110

Може да пополните формулар на нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au/how-apply-ndis/what-access-request-form

Ако имате дете помладо од 7 години, мислиме дека е добра идеја да разговарате со партнер за поддршка на деца на претшколска возраст пред да поднесете барање.

Кои информации ви се потребни кога поднесувате барање?

Кога поднесувате барање за NDIS, треба да нѝ речете за себе.

Нѝ требаат документи кои докажуваат кој сте вие.

На пример, вашата возачка дозвола.

Исто така, нѝ треба било која информација што докажува дека имате попреченост.

На пример, вашиот доктор или здравствен работник може да напише писмо или извештај.

Меѓутоа, би можеле да побараме повеќе информации за вашата попреченост, ако нѝ бидат потребни.

Кога поднесувате барање за NDIS, исто така ќе треба да потпишете формулар во кој се вели дека сакате да поднесете барање.

Што ако ви треба помош за да поднесете барање?

Може да побарате помош за поднесување на барање.

Барањето не мора да го поднесете сами.

Роднина, нег�вател или лице за поддршка би можеле да ви помогнат.

Ако некој ви помага да поднесете барање, треба да нѝ речете дека е во ред да се споделуваат информации со тоа лице.

На пример, член на семејството би можел да нѝ се јави за да провери дали сме донеле одлука дали вие може да се вклучите во NDIS.

Јавете нѝ дали сакате тие информации да ги споделувате:

- во формуларот

- кога ќе нѝ се јавите.

Што ако не можете сами да одлучувате?

Понекогаш на луѓето им треба поддршка при донесувањето на одлуки.

Но, ако не можете да донесувате одлуки со поддршка, ние би можеле да побараме некого кој ви е близок и кој може да донесува одлуки во ваше име.

Тоа лице го викаме **претставник (nominee)**.

Некој друг исто така може да поднесе барање наместо вас, ако има **правно овластување**.

Кога некој има правно овластување, тоа лице донесува одлуки во ваше име кога вие не можете самостојно да донесувате одлуки.

А ако сте помлади од 18 години, луѓето кои водат грижа за вас ќе поднесат барање во ваше име.

Што се плаќа со финансирањето од NDIS?

Кога ќе станете учесник, ќе ви помогнеме да направите **NDIS план**.

NDIS план е документ што содржи информации за:

- вас и вашите цели

- каква поддршка ви е потребна

- финансирањето што ќе ви го даде NDIS.

Вие може да го трошите вашето финансирање за видови на поддршка што се вклучени во вашиот план.

Тие видови на поддршка може да бидат:

- помош во секојдневниот живот



- помагала и опрема.

Тие видови на поддршка исто така може да помогнат:

- за остварување на вашите цели
- да ги правите работите што сакате да ги правите.

Но, тие мора да бидат:

- разумни

- неопходни.

Поддршката и услугите во вашиот план исто така треба:

- да бидат со добра цена

- да ви помагаат.

И треба да одговараат на било која помош или поддршка што ја добивате од други луѓе или места, како што се семејството и пријателите.

Вашето финансирање од NDIS е различно од другите исплати што можеби ги добивате, како на пример:

- **Disability Support Pension (DSP) (Пензија за поддршка на лица со попреченост)** – владина исплата заради помош околу вашите секојдневни животни трошоци

- **оштета** - пари што би можеле да добиете ако сте имале несреќа.

NDIS нема да влијае на ниедна од тие други исплати што можеби ги добивате.

За повеќе информации за тоа за кои видови на поддршка и услуги плаќаме може да ја посетите нашата веб-страница.

ourguidelines.ndis.gov.au/would-we-fund-it

Што со семејствата и негувателите?

Повеќето видови на поддршка и услуги од NDIS се за луѓето со попреченост.

Но, некои видови на поддршка може да бидат корисни и за семејствата и негувателите.

Некои владини програми нудат поддршка за негуватели.

Но, вие би можеле да користите дел од финансирањето во вашиот NDIS план за да им овозможите одмор на вашите негуватели.

На пример, може да користите дел од вашето финансирање за кус престој надвор од дома.

Тоа значи дека вашиот негувател може да се одмори.

Што е со другите владини служби?



NDIS соработува со други владини служби.

Меѓу нив се:

- образование - училиште, универзитет и TAFE

- здравство - болници и здравствена нега

- вработување - наоѓање и задржување на работа

- семејна поддршка - одржување на безбедноста на децата и поддршка на сиромашни семејства.

Образование

Образовниот систем ги плаќа:

- учителите
- опремата
- зградите
- превоз заради активности и екскурзии.

NDIS плаќа за поддршката што е ви е потребна поради вашата попреченост, за да ви помогне да се школувате.

Таа поддршка вклучува:

- поддршка за секојдневни активности, како што се јадење или одење во тоалет

- превоз до и од училиште или универзитет

- поддршка што ви е потребна кога сте спремни да го напуштите училиштето или универзитетот.

Здравство

Здравствениот систем ги плаќа:

- докторите, медицинските сестри и другиот здравствен персонал
- медицинска, забоздравствена и болничка нега
- лекови и лекување.

NDIS плаќа за здравствената нега што ви е потребна поради вашата попреченост, вклучително:

- поддршка или терапија што помага вашето тело со време да се движи подобро

- инвалидски колички и опрема.

Вработување

Работодавачите и владата плаќаат за:

- работниците да научат како да ги воведуваат во работа луѓето со попреченост

- промени на вашето работно место што ќе ви помогнат да ја работите вашата работа

- помош да најдете работа, ако за тоа ви треба помош.

NDIS плаќа за поддршка што ви помага да ги остварите вашите цели во поглед на вработувањето.

Тоа може да вклучува:

- поддршка додека сте на работа, како што се помош за одење во тоалет или за јадење и пиење

- превоз до и од работа, ако не можете да користите јавен превоз

- поддршка да најдете работа и да ја задржите.

Семејна поддршка

Системот за семејна поддршка плаќа за **услуги на нега надвор од дома.**

Кога дете или младо лице не може да живее со родителите или со негувател, тоа живее во место за нега надвор од дома (out-of-home care).

Детето може да живее:

- со друго семејство
- во дом за деца кои се негуваат надвор од дома.

Системот за семејна поддршка исто така плаќа за **услуги на детска заштита.**

Службите за детска заштита може да одлучат дека детето:

- не е безбедно во неговиот дом
- не може да живее со неговото семејство.

NDIS плаќа за поддршката што на некое семејство му е потребна поради попреченост.

Тоа може да вклучува:

- терапија или поддршка во поглед на однесувањето, за да се помогне детето да живее со неговото семејство

- финансирање за да се одморат негувателите.

Што се случува откако ќе поднесете барање?

Откако ќе поднесете барање, ќе ги разгледаме сите информации што нѝ ги дадовте.

Можеби ќе треба да ви побараме повеќе информации.

Кога ќе ги имаме сите потребни информации, ќе ви пратиме писмо во рок од 21 ден.

Во писмото ќе биде објаснето:

- дали може да се вклучите во NDIS

- зошто ја донесовме нашата одлука

- што ќе се случува натаму.

Ако не можете да се вклучите во NDIS, може да ви помогнеме да најдете и користите други услуги.

Има голем број служби што не се дел од NDIS, а чии услуги може да користите.

За повеќе информации може да посетите Disability Gateway.

www.disabilitygateway.gov.au

Што ако не се согласувате со нашата одлука?

Ако не се согласувате со нашата одлука, може да побарате да ја **преразгледаме**.

Кога нешто преразгледуваме, ние проверуваме што:

- работи добро
- може да биде подобро.

Имате рок од три месеци од денот кога сте ја примиле нашата одлука, да побарате да ја преразгледаме.

Вашиот локален обласен координатор или партнер за поддршка на деца на претшколска возраст може да ви објасни како да го направите тоа.

Ако сте останале незадоволни откако сме ја преразгледале нашата одлука, може да се јавите на **Трибунал за административни жалби (Administrative Appeals Tribunal - AAT)**.

AAT ги преразгледува владините одлуки.

Може да се јавите на AAT.

1800 228 333

Може да ја посетите веб-страницата на AAT.

www.aat.gov.au

Сега сте спремни да преминете на Книгата 2

Како NDIS им дал поддршка на луѓе?

Имаме неколку примери со кои се објаснува како NDIS им помогнал на луѓе.

Џанин и Хариет

Хариет има четири години.

Џанин е мајката на Хариет.

Таа е загрижена за развојот на Хариет.

На веб-страницата на NDIS, Џанин дозна за пристапот за деца на претшколска возраст.

Таа мисли дека тоа може да ѝ помогне на Хариет.

Ние ѝ помогнавме на Џанин да најде локален партнер за поддршка на деца на претшколска возраст.

Партнерот за поддршка на деца на претшколска возраст објасни дека на Хариет не ѝ треба NDIS.

Но, партнерот рече дека Хариет треба сега да има поддршка на рана интервенција што ќе ѝ помогне подоцна во животот.



После три месеци, Хариет се развива добро.

А на нејзиното семејство му се допаѓа да ѝ помага на Хариет.

Дом



Дом има 24 години.

Тој има **интелектуална попреченост**.

Интелектуалната попреченост влијае на тоа како:

- учите
- решавате проблеми
- комуницирате
- самостојно ги правите работите.

Дом живее со родителите.

Него му треба нивна помош околу секојдневни работи, како што се готвење и посетување места.

Дом сака самостојно да прави повеќе работи.

И сака еден ден да најде работа.

Таткото сакаше да знае дали Дом би можел да биде учесник во програмата.

Ние објаснивме дека нѝ треба доказ за попреченоста на Дом.

Таткото на Дом нѝ прати доказ за попреченоста на Дом.

А ние помогнавме Дом да стане учесник.

Тој го користи неговото финансирање од NDIS за да научи нови нешта, како што е сам да готви.

Дом се надева дека ќе може да го користи неговото финансирање од NDIS заради учење на нови способности, за да може да ја добие работата што ја сака.

Џим

Џим имал несреќа во неговиот дом.

Тој имал многу повреди на ногата.

Тој морал да оди во болница.

Откако Џим излегол од болница:

- му требала помош да ги менува завоите на ногата

- почнал со рехабилитација - поддршка за движење и користење на телото после несреќа или повреда.

Џим прочитал за NDIS.

Тој заклучил дека не може да се вклучи во NDIS, бидејќи неговите повреди нема да бидат трајни.

Џим знае дека тој би можел да ги исполнува условите за NDIS во иднина.

Но, тоа може да се случи само ако има доказ дека има попреченост поради неговите повреди.

Повеќе информации

За повеќе информации, ве молиме јавите нѝ се.

Може да ја посетите нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au

Може да нѝ се јавите.

1800 800 110

Може да нѐ следите на Фејсбук.

www.facebook.com/NDISAus

Може да нѐ следите на Твитер.

@NDIS

Помош за разговор со нас

Може да разговарате со нас онлајн користејќи ја опцијата вебчат на горниот дел од нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au



Ако зборувате јазик што не е англиски, може да се јавите на Службата за писмено и усно преведување (TIS).

131 450

Ако имате попреченост на говорот или слухот, може да се јавите на:

TTY

1800 555 677

Зборувај и слушај

1800 555 727

National Relay Service

National Relay Service (Национална служба за поврзување на лица со оштетен слух или говор)

133 677

www.relayservice.gov.au

Список на зборови

Administrative Appeals Tribunal (AAT) (Трибунал за административни жалби)

AAT ги преразгледува владините одлуки.

Служби за детска заштита

Службите за детска заштита може да одлучат дека детето:

- не е безбедно во неговиот дом
- не може да живее со неговото семејство.

Оштета

Оштета се пари што би можеле да ги добиете ако имате несреќа.

Disability Support Pension (DSP) (Пензија за поддршка на лица со попреченост)

DSP е владина исплата заради помош околу вашите секојдневни животни трошоци.

Рана интервенција

NDIS исто така им помага на луѓето со попреченост да добијат поддршка:

- што е можно порано во животот
- штом ќе добијат попреченост.

Тоа се вика рана интервенција.

Тоа може да се однесува и на децата и на возрасните.

Исполнување на услови

Ако некој може да учествува во NDIS, велиме дека таа или тој ги исполнува условите.

Функционална способност

Ваша функционална способност е:

- како ги разбирате изборите што ги имате
- како ги правите работите во врска со вас
- како учите нови способности
- како комуницирате со други луѓе кои ви се блиски.

Финансирање

Финансирање се пари од владата со кои се плаќаат поддршка и услуги.

Интелектуална попреченост

Интелектуалната попреченост влијае на тоа како:

- учите
- решавате проблеми
- комуницирате
- самостојно ги правите работите.

Правно овластување

Кога некој има правно овластување, тоа лице донесува одлуки во ваше име кога вие не можете самостојно да донесувате одлуки.

NDIS план

NDIS план е документ кој содржи

информации за:

- вас и вашите цели
- каква поддршка ви е потребна
- финансирањето што ќе ви го даде NDIS.

Неопходно

Кога нешто е неопходно, тоа е нешто што му е потребно на некое лице.

Застапник

Но, ако не можете да донесувате одлуки со поддршка, ние би можеле да побараме некого кој ви е близок и кој може да донесува одлуки во ваше име.

Тоа лице го викаме **претставник (nominee)**.

Услуги на нега надвор од дома

Кога дете или младо лице не може да живее со родителите или со негувател, тоа живее во место за нега надвор од дома (out-of-home care).

Детето може да живее:

- со друго семејство
- во дом за деца кои се негуваат надвор од дома.

Учесници

Кога луѓе со попреченост ќе се вклучат во NDIS, ние ги викаме учесници.



Трајно

Кога нешто е трајно, тоа нема да исчезне.

Разумно

Кога нешто е разумно, тоа е праведно.

Преразгледување

Кога нешто преразгледуваме,
ние проверуваме што:

- работи добро
- може да биде подобро.

Виза

Виза е документ во кој се вели дека можете да одите во друга земја за некој временски период.

The Information Access Group го подготви овој документ за лесно читање користејќи професионални фотографии и специјални слики. Сликите не можат да бидат повторно употребени без дозвола. За прашања во врска со сликите, ве молиме посетете **www.informationaccessgroup.com**. Наведете работен број 4848.

Белешки

ndis

ndis.gov.au

DA0656 Macedonian (LOTE) Booklet: 1 Applying for the NDIS Oct 2022